

Меѓународната фармацевтска компанија, Ewopharma AG, со повеќе од 60-годишна традиција во маркетинг на фармацевтски производи, распишува оглас за:

# МЕДИЦИНСКИ ПРЕТСТАВНИК ЗА РЕОН: ЈУГОЗАПАДНА МАКЕДОНИЈА (1 ПОЗИЦИЈА)

**Опис на работното место:**

- Комуникација и посета на стручни лица – лекари од општа пракса и специјалисти, аптеки низ државата;
- Креирање на комуникациски стратегии со соодветните профили на лекари кои би придонеле во зголемена доверба од препораката на тие производи;
- Организирање на едукативни настани и работилници за доктори и фармацевти, претставување на компанијата на конгреси низ државата, чести патувања;
- Остварување на резултати од зададени продажни планови и активности.

**Потребни квалификации:**

- Завршено високо образование – медицински, стоматолошки или фармацевтски факултет;
- Претходно работно искуство ќе се смета за предност;
- Валидна возачка дозвола - Б категорија;
- Познавање на работата со пакетот MS Office;
- Познавање англиски јазик.

**Каква личност бараме:**

- Динамична личност со изразени комуникациски и презентациски вештини;
- Високомотивирана, одговорна, со изразена професионалност, дисциплина и доверливост;
- Способна, која бенефитите од производите ќе умее да ги презентира и промовира на лесен и разбирлив начин;
- Проактивна, организирана и личност ориентирана кон остварување на резултати.

## КОИ СМЕ НИЕ?

**Ewopharma AG** е швајцарска фармацевтска компанија со повеќе од 60-годишна традиција на маркетинг на фармацевтски производи во Централна и Источна Европа.

ewo pharma since 1959

**www.ewopharma.com**



Полето на работа на Ewopharma опфаќа различни активности на терен, регистрација и маркетинг на лекови на рецепт и без рецепт, додатоци во исхраната, козметика и медицински средства. Ние, во Ewopharma, успешно го насочуваме нашето знаење и искуство преку лансирање производи на Ewopharma, како и на другите наши партнерски брендови, на нашите целни пазари. Во 2004 година, се придруживме на RX-Alliance, професионална мрежа за соработка помеѓу успешни фармацевтски компании кои се активни на избраните европски пазари.

Ewopharma AG е присутна на македонскиот пазар од 2013 година.

Кандидатите кои ги исполнуваат горенаведените услови, своите професионални биографии можат да ги испратат на: **info@ewopharma.mk** со назнака на позицијата за којашто аплицираат.

Крајниот рок за аплицирање е најдоцна до: **5.4.2024 година**

Личните податоци, коишто се составен дел од добиените биографии, ќе бидат заштитени со технички и организациски мерки кои ги предвидува членот 29 од Законот за заштита на личните податоци и Правилникот за безбедност на обработката на личните податоци. Личните податоци се обработуваат само за остварување на правата и обврските од работниот однос или во врска со работниот однос. По завршување на огласот и изминување на сите законски предвидени рокови, личните податоци се бришат. За чување на биографии подолго од законскиот предвиден рок, потребна ни е дополнителна изјава за согласност за обработка на личните податоци.

Само кандидатите кои ќе влезат во потесен круг, ќе бидат повикани на интервју.